# ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

**<u>Гасификација на Град Крива Планка</u>**

Цел на проектот е подобрување на комуналната инфраструктура и обезбедување на здрава и чиста животна средина , заштита на природата, поробар квалитет на живот и подобар стандард на граѓаните на општина Крива Планка. Во тек е изработка на Идеен проект за индустриската зона (од ф-ка Орка до ОУ Илинден) и за колекторскиот дел од системот до гимназијата Ѓорче Петров и Основен проект за индустриската зона.

Исто така од страна на Совет е донесена одлука за основање на јавно претпијатие Калин Камен" Крива Паланка кое ќе врши дејност од јавен интерс за гасификација на Градот преку своја работна единица.

**<u>Јавно Приватно Партенерство</u>**

Проектот предвидува изградба на административно деловен комплекс на местото на постојната зграда на поранешен прекршок до Општината Крива Паланка во кој е сместено одделението за финасии, буџет и администрирање со даноци и имот.

Општината како јавен парнер ќе/би учествува/ла со земјиштето и комуналните давачки, изготвување на елаборат, издавање на дозволи, а јавниот партнер со изградба на објектот и приклучување на канализационата односно другите постојните инсталации. Самиот Проект е во согласност со стратешките приоритети на општината, односно на стратешкиот план за локален развој на општината.

Согласно на законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство пристапено е кон изготвување на студија за концесиски проект врз основа на која треба да се донесе одлука од страна на Советот на Општината Крива Паланка за започнување на постапката за доделување на концесија.

**<u>Замена на азбестно цементни цевки</u>**

Овој проект се предвидува замена на азбестно цементните цевки, а во склоп на проектот за подобрување на општинските услуги за кој е склучен договор за заем меѓу Министерството за финансии и Светската банка. Основна цел е да се овозможи реализирање на општинските проекти кои ќе придонесат за подобрување на перформансите на општината, квалитетот на комуналните и други општински услуги како и развој и зајакнување на општинските надлежности и функции.
Со проектот предвидена е замена на азбест-цементните цевки на неколку делници во општината, а должината за замена на азбестно цементните цевки изнесува околу 2000 метри

**<u>Реконструкција на улично осветлување</u>**

Проектот опфаќа замена на постојните живини сијалици со натриумови сијалици. Новото решение ќе се базира на постојната инсталација со техничко решение кое ќе ги задоволи критериумите за осветлување на јавните површини, со минимален број на квалитетни сијалици да се задоволи потребното ниво на осветлување, и значајно да се намали потрошувачката на елктрична енергија, а следејќи ја позитивната пракса во поголемиот дел од Европа.

Изработена е пред физибилити студија и донесена е Одлука за реконструкција на уличното осветлување од страна на Советот на Општина Крива Паланка

## **Замена на водомери на градскиот водовод**

Со овој проект се предвидува замена на старите и дотраени водомери  со цел решавање на проблемите произлезени од дотраеност на водомерите меѓу потрошувачите и јавното претпријатие особено во поглед на дистрибуција на водата и наплата на сметки. Системот ќе овозможи  намалување на загубите на вода, многу полесно читање на потрошувачката на вода, долг век на траење на водомерите, регистрирање на оштетувања и дефекти на водомерите и системот за водоснабдување, плаќање според потрошеното- објективно мерење без можност за вмешување на човечкиот фактор, можност за надоградување на системот за очитување на потрошувачката на вода.